***ОПШТИНА КАРПОШ***
***СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС***
***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортотза 2020 година, глава II Проектни активности, точка 5. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош бр.24/2019) и Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2020 година бр.09-493/8 од 29.01.2020 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 3/2020) од 30 јануари 2020 година, Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички и правни лица (со вршење дејност спорт) од подрачјето на Општина Карпош, кои ќе поднесат спортско рекреативни и здравствени проекти,а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за промоција на општината.

## II. Критериуми за доделување на финансиска подршка за проекти

**Општи критериуми:**
- Квалитет и значење на проектот,
- популаризација,
- промоција,
- масовност,
- афирмација и едукација на младите за спорт и здравје.

**Посебни критериуми:**
- Манифестацијата да е од посебен интерес за Општина Карпош,
- целта на манифестацијата да биде развој на спортската воспитна образовна едукацијаи здравје,
- проектите да доприносуваат за развој кај младите за бавење со спорт за сите и

- проектот да обезбедува потикнување на спортски манифестации за лица со посебни потреби.

III. **Потребни документи за учество**

**Физички лица:**

- лична карта,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот

**Правни лица:**

- тековна состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци.
- Изработен проект,
- финансиски план на проектот

IV. **Висина на финансиска подршка**

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

V. **Начин на пријавување**

Документите можат да се доставаат по пошта на ул. Радика бр. 9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

VI. **Рок за поднесување на документите**

Предлог-Проектите може да се доставуваат во текот на 2020 година, односно до исцрпување на предвидените финансиски средства наменети за оваа намена.

Некомплетните документи нама да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**